**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број. 09 - 161/3
25.04.2024 година
Скопје

# СМУГС „Панче Караѓозов“ – Скопје

| Извештај од интегрална евалуација | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | 19, 20, 21 и 22.02.2024 година |
| **Број на извештај:** | 7/Скопски /2024 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Afrim Saliu |
| **Вид на училиштето:** | Средно стручно училиште |
| **Подрачни/ дисперзирани паралелки** | / |
| **Основач на училиштето:** | Град Скопје |
| **Наставен јазик:** | Македонски јазик<br>Албански наставен јазик |
| **Број на ученици:** | 2421 |
| **Полова структура на ученици:** | 611 машки и 1810 женски |
| **Број на наставници:** | 144 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Славица Ќуксановска |
| **Вд Директор на училиштето:** | Хирмин Дураку |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 08, 09, 10 и 15.10 2018 г. |
| **Адреса на училиштето:** | Ул.50-та Дивизија бр.2 а |
| **Телефон:** | 3120-187 |
| **Факс:** | 3111-359 |
| **e-mail:** | info@med.edu.mk<br>smugs-drpanchekaragjozovskopje@schools.mk |
| **Веб страница** | / |
| **Оценка ИЕ** | Делумно задоволува (2,48) |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14 33/15, 145/15, 30/16) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006).

## Резиме

Во согласност со Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветната инспекција на 19, 20, 21 и 22.02.2024 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во СМУГС „Панче Караѓозов“ – Скопје.

Подготвителната фаза од интегралната евалуација е спроведена од раководителот на инспекцискиот тим со посета на училиштето и прибирање на сите потребни документи во кои се содржат податоци за работата на училиштето.

Од целокупната евиденција и документација која што беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во СМУГС „Панче Караѓозов“ – Скопје се оценува со **делумно задоволува (2.48)**[1].

Наставата во Средното Медицинско Училиште на Град Скопје „Панче Караѓозов“ – Скопје се реализира врз основа на наставни планови и програми за техничко образование од здравствена струка четиригодишно модуларно образование, сектор/струка: здравствена/здравство и социјална заштита со следните образовни профили/квалификации:

-Медицинска сестра,
-забен техничар,
-фармацевски техничар,
-медицински лабараториско-санитарен техничар
-физиотерапевтски техничар,
-гинеколошко –акушерска сестра

Наставата во наведените образовни профили се изведува на македонски и албански наставен јазик, освен медицински лабараториско - санитарен техничар кој се изведува само на македонски наставен јазик и гинеколошко акушерска сестра се изведува само на албански наставен јазик.

Училиштето користи повеќе начини да ги информира учениците и родителите со наставните планови и програми кои се реализираат и тоа преку веб страна на училиштето, родителски средби, социјални мрежи-вибер групи по години, Совет на родители и др. Изборот на предмети од листата на изборни предмети во наставните планови се врши според утврдените насоки од Центарот за стручно образование и обука. За учениците со ПОП се изготвува индивидуален образовен план. Поддршка се дава од инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим за секој ученик. Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење.

Во училиштето активно работи креативниот клуб, се организираат хуманитарни акции, спортски активности, театарска секција, клуб на ораторство, редакција на училишен весник, трибини за психо- социјална помош на учениците за справување со разни форми на насилство, учество во МАССУМ во повеќе категории, музички клуб со музички бенд, промоција на хумани вредности од клубот на црвениот крст. Во рамките на програмата на МИО се реализираат заеднички часови на македонски и албански наставен јазик, програмата е поддржана од ОБСЕ-Големи грантови , Градиме мостови. Вклучувањето на учениците е по сопствен избор и личен афинитет.

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети и за сите класификациони периоди по класови. Училиштето изготвува тримесечни, полугодишни и годишни извештаи, како и споредбедни анализи за постигањата на учениците. Среден успех на училишно ниво во последните три учебни години е многу добар (4.3). Во последните три учебни години од вкупно 1726 ученици државна матура полагале 1689 ученици, 39

1

Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:
Не задоволува,
Делумно задоволува,
Добро и
Многу добро.

ученици полагале завршен испит и еден ученик без диполома. Во однос на постигањата на учениците според пол, подобри постигања имаат учениците од женски пол.

Најголем број на наставници им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот. Наставниците реализираат дополнителна и додатна настава.

Училиштето квартално ги ажурира податоците за запишаните ученици. Училиштето нема воспоставен систем за прибирање на податоци за опфатот на ученици при преминот од средно образование во високо образовните установи. За сите видови настава училиштето има соодветни распореди при што се земени во предвид просторот, интересот на учениците, кадарот во училиштето и наставен кадар што доаѓа од друго училиште и други фактори.

Дел од наставниците користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците, индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа со целата паралелка. Најголем број од посетените часови кај наставниците по стручни предмети се интерактивни со примена на разновидни форми и методи. Кај дел од наставниците, на часовите е застапено добро поучување со вклучување на учениците иако во планирањето изостанува или несоодветно е планирано. Најголем дел од наставниците соодветно ги насочуваат учениците кон правилни одговори за реализација на поставените цели на часот.

Најголем број наставници се однесуваат кон учениците на начин кој промовира взаемно почитување и разбирање, без притоа да се прават разлика помеѓу учениците по пол, социјално и етничко потекло. Училиштето ги применува и спроведува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Оценките се утврдуваат на секој класификационен период за време на класните и наставничките совети.

Училиштето се грижи за заштита на здравјето на учениците и има изготвено Програма за грижа за здравјето на учениците. Секоја учебна година се вршат редовни систематски прегледи и вакцинации на учениците, а спроведен е и лекарски преглед на вработените. За заштита на здравјето училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести и има извршена дезинфекција, дератизација и дезинсекција и организира предавања за превенција и заштита од заразни болести. Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес. При избор на наставниот кадар нема родова, етничка или друга дискриминација. Наставниот процес во училиштето го реализираат 144 наставника.

Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето, успешно работат како тим во рамките на стручните активи. При распоредувањето на кадарот се земаат делумно предвид квалитетите, искуството и експертизата на наставниците што придонесуваат за исполнување на целите на наставата. Стручната служба советодавно работи со учениците и родителите, подготвена и отворена за соработка. Стручната служба има програма за работа која е во состав на Годишната програма на училиштето.

Училишниот одбор на училиштето е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето, при што се води сметка за етничката структура на членовите на училишниот одбор. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти, вклучени во воспитно-образовниот процес.

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Потребната подршка за законско работење се добива од секретарот на училиштето а за сите останати прашања од областа на образованието соработката е остварена од раководниот орган и стручната служба. Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики и води училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето, меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество.

Раководен орган на училиштето е в.д. директор со искуство на помошник директор. Истиот се уште нема потврда за положен испит за директор. Истиот е именуван за в.д. Директор на училиштето со Решение бр.08-11248/1 од 08.11.2023 година на Градоначалникот на Град Скопје. За својата работа директорот на училиштето има изготвено Програма за работа која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година. Работата на директорот е транспарентно со

директна комуникација, преку соопштенија, истакнување на информации на огласна табла, како и писмена и електронска кореспонденција со оние кои треба да бидат информирани. Директорот има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето прифаќајки ги сугестиите, барањата и одговорностите преку соработка и интеракција со родителите, вработените, учениците, како и со локалната заедница и основачот и невладиниот сектор.

За учебната 2023/2024 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа
на училиштето заведена под бр.03-422/2 од 30.08.2023 година и усвоена од Училишниот одбор. Самоевалуација на училиштето бр.03-183/2 од 30.06.2023 година ги опфаќа учебната 2021/22 и 2022/23 година и истиот е изготвен согласно индикаторите. Програмата за развој на училиштето со дел.бр. 03-642/4 од 29.12.2022 година опфаќа 4 години, односно 2023 – 2026 година. Училиштето има Статут заведен под бр.03-181/7 од 15.03.2019 година и истиот има согласност од Министерството за образование и наука на РСМ заведен под УП1 бр.18-598 од 03.04.2019 година. Во училиштето, со Одлука бр.03-596/2 од 23.11.2023 година, формиран е инклузивен тим, составен од седум члена. Инклузивниот тим во континуитет соработува со родителите на децата и истите ги вклучува при изработка на Индивидуалните образовни програми и го следи напредувањето на учениците со посебни образовни потреби. Училиштето нема регистрирано училишен спортски клуб. Училиштето има партнер училиште за соработка. Има Меморандум за соработка со СУГС„Лазар Танев“ – Скопје заведен со бр.03-548/1 од 31.10.2022 година. Има изготвено план за реализација на активности од меѓуетничка интеграција на младите за запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи. Училиштата тоа го постигнуваат преку меѓусебна реализација на проектот во рамките на МИО и воннаставни активности. Има Решение бр.03-596/1 од 23.11.2023 гоина за формирање на тим за реализација на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието. Училиштето има склучено Меморандум за соработка со Алкалоид АД Скопје и истиот е заведен под бр.03-164/1 од 26.03.2021 година, а која се однесува за преземање на активности за отпочнување на т.н. дуална паралелка средното училиште, со изменување на наставната програма за струката фармацевтски техничар.

Училиштето има кодекс на однесување на наставниците, кодекс на користење на ИКТ во наставата, кодекс на однесување во здравствена установа за време на практична настава и феријална пракса. Во училиштето има и куќен ред и истиот се почитува од сите релевантни фактори во училиштето.

## Карактеристики на училиштето

Средното Медицинско Училиште на Град Скопје „Панче Караѓозов“ – Скопје е основано со Решение бр.06-16249/1 од 02.06.1972 година на Собранието на град Скопје. Со наведеното решение Училиштето за фармацевтски техничари – Скопје и Училиштето за санитарни техничари и медицински лаборанти – Скопје се спојуват и се основа Медицински училишен центар „Др – Панче Караѓозовски“ – Скопје. Во склоп на училиштето е и Ученички дом и истиот е сместен во посебна зграда лоцирана во кругот на училишниот двор. Ученичкиот дом датира од 1931 година. Нејзината првична намена била како училиште за медицински сестри и негувателки. Во учебната 1945/46 преку Училиштето за медицински сестри и негувателки, Медицинскиот училишен центар ја започнува едукативната дејност на македонски јазик во просториите на сегашниот Ученички дом. Подоцна, од учебната 1947/48 година, во истите тие простории, едукативната дејност на македонски јазик ја спроведуваат и Училиштето за фармацевтски техничари, Санитарното училиште и Забарското училиште. Во учебната 1972/73 година со интеграција на горенаведените училишта, Медицинскиот училишен центар “Д-р. Панче Караѓозов” започнал да функционира како единствена образовна институција. Со изградбата на новиот објект на училиштето, кое било пуштено во употреба на 13 Ноември 1973 година, старата зграда добива функција на Ученички дом што ќе работи во склоп на Медицинскиот училишен центар “Д-р.Панче Караѓозов”.

Дејноста на училиштето е верифицирана со Решение и тоа:

- бр. 07-3410 од 03.03.1965 на Републички секретаријат за образование и наука

- бр. 09-314/1 од 10.06.1986 година на Републички комитет за образование и физичка култура.
- бр. 11-578/2 од 07.03.2000 година на Министерството за образование.
- бр. 11-137/3 од 07.03.2007 година на Министерството за образование.
- УП 1 бр.13-2867 од 10.06.2020 година од Министерството за образование и наука (медицинска сестра)
- УП 1 бр.13 – 2871 од 10.06.2020 година од Министерството за образование и наука (медицински лабораториско-санитарен техничар)
- УП 1 бр.13 – 2870 од 10.06.2020 година од Министерството за образование и наука (физиотерапевтски техничар)
- УП 1 бр.13 – 2869 од 10.06.2020 година од Министерството за образование и наука (забен техничар)
- УП 1 бр.13 – 2868 од 10.06.2020 година од Министерството за образование и наука (фармацевтски техничар)
- УП 1 бр.13 – 107 од 20.04.2021 година од Министерството за образование и наука (фармацевтски техничар во фармацевтска индустрија)
- УП 1 бр.13 – 967 од 16.04.2021 година од Министерството за образование и наука (гинеколошко-акушерска сестра)

СМУГС „Панче Караѓозов“ – Скопје има својство на правно лице стекнато со уписот во Централен регистар на Република Северна Македонија под ЕМБС 4062914. Наставата се реализира во две смени и се одвива на Македонски и Албански наставен јазик.

Училишната зграда е од тврда градба на три нивоа во два споени објекти со површина на објектот од 7078 $м^2$ и спортски терен од 400 $м^2$. Училишната зграда располага со 24 училници, 3 мали училници кои се користат за работа во групи, 6 кабинети, 9 лаборатории, библиотека, фискултурна сала од 200$м^2$ и дворна површина 9655 $м^2$.

Училиштето располага и со мултимедијална библиотека, свечена сала, фискултурна сала која е во фаза на реновирање, како и современи надворешни спортски терени. Училиштето се загрева на централно градско греење. Училиштето располага со 11 хидранти и 34 ПП – апарати сервисирани и има громобрански инсталации со 3 мерни места кои се во добра состојба.

Во СМУГС „Панче Караѓозов“ – Скопје во учебната 2023/24 година вкупно се запишани
2421 ученици од кои 611 машки и 1810 женски, распределени во 76 паралелки

Во училиштетот наставниот процес го реализираат 144 наставника. Од нив според образовниот профил 2 наставници се со завршени докторски студии, 4 со завршени специјалистички студии, 7 наставника со завршени магистерски студии, 22 наставника со вишо образование, 6 со Средна стручна спрема и 103 на наставници се со завршено високо образование. На определено работно време се 35 наставника. Според полот 111 наставници се од женски пол и 33 наставници се од машки пол, според етничката припадност 92 наставника се Македонци и 52 наставника се Албанци. Од наставниот кадар 3 наставника кои дополнуваат часови во друго училиште и 7 наставника дополнуваат настава од друго училиште. Од вкупниот број на наставници 9 се приправници. Училиштето за наставник приправник има назначен наставник ментор. Наставникот ментор го следи работењето на приправникот. Во училиштето има директор, двајца помошници директори и секретар, а од стручната служба има психолог, педагог и библиотекар.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализацијата на наставните планови и програми

Наставата во Средното Медицинско Училиште на Град Скопје „Панче Караѓозов“ – Скопје се реализира врз основа на наставни планови и програми за техничко образование од здравствена струка четиригодишно модуларно образование, сектор/струка: здравствена/здравство и социјална заштита со следните образовни профили/квалификации:

-Медицинска сестра,
-забен техничар,
-фармацевски техничар,
-медицински лабараториско-санитарен техничар
-физиотерапевтски техничар,
-гинеколошко –акушерска сестра

Наставата во наведените образовни профили се изведува на македонски и албански наставен јазик, освен медицински лабараториско - санитарен техничар кој се изведува само на македонски наставен јазик и гинеколошко акушерска сестра се изведува само на албански наставен јазик. Практичната настава зависно од образовниот профил за втора година дел се изведува во специјализирани кабинети и лабаратории, додека од втора до четврта година дел се изведува во здравствени, болнички и вонболнички установи, како и во биохемиски лабаратории, на медицински факултети и заводи и приватни здравствени установи.

Феријалната пракса, по завршување на прва, втора и трета година се изведува во тек на летниот распуст во 20 дена за секоја наставна година. Феријалната пракса се реализира во здравствени установи и лабаратории како и во производствени организации. За изведување на истата се водат дневници.

Реализацијата на наставните планови и програми е во пропишаниот обем. Во училиштето се реализира: општо образование со општообразовни модули и модули значајни за одредена квалификација, стручно образование со задолжителни стручни модули (теорија, вежби и практична настава) и со изборни модули (теорија), практично обрзование со учење преку работа кај работодавач (во трета и четврта година) и феријална практика (во прва, втора и трета година), содржини програмирани од училиштето, дополнителна и додатна настава, како и подготвителна и консултативна настава (за учениците во завршната година) според интересот на учениците. За учебната 2020/2021 година, наставните програми се реализирани во скратена и прилагодена форма и on-line, согласно насоките за реализација во услови на пандемија.

Училиштето користи повеќе начини да ги информира учениците и родителите со наставните планови и програми кои се реализираат и тоа преку веб страна на училиштето, родителски средби, социјални мрежи-вибер групи по години, Совет на родители и др.

Во тековната учебна година во редовната настава е вклучен 1 ученик со посебни образовни потреби и 1 ученик со потешкотии воочени од наставниците и стручните соработници за кои училиштето има документирани податоци. За учениците со ПОП се изготвува индивидуален образовен план. Поддршка се дава од инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим за секој ученик. Специјален едукатор рехабилитатор во училиштето нема.

Изборот на предмети од листата на изборни предмети во наставните планови се врши според утврдените насоки од Центарот за стручно образование и обука. Учениците од втора и трета година, на крајот од учебната година самостојно избираат еден изборен модул кој содржи 5 предмети од листата на изборни модули кои треба да ги изучуваат во трета и четврта година. Постапката за избор на предмети се почитува во целост, а во претходниот период учениците се информирани за програмите на понудените модули и содржини.

Во училиштето се планираат и реализираат Содржини програмирани од училиштето кои овозможуваа стекнување знаења и вештини од областа на Планирање на кариера, Светско наследство во рацете на младите, Ученичка компанија-претприемачка практика за млади, Активно барање на работа.

Училиштето осигурува вклученост на учениците со посебни образовни потреби во наведените програмирани содржини.

## 1.2. Квалитетот на наставните планови и програми

Во Годишната програма за работа на училиштето опфатени се елементи за квалитетно остварување на воспитно-образовната работа.

При планирањето на стручните предмети, постои широка можност за наставниот кадар при планирањето на наставата, како и во усвојување на наставните содржини, тешкотиите поради немање на учебници и друга стручна литература да се надминат со користење на содржини, учебници од странска литература најчесто применувани при вежби (видеа, наставни часови. Медиуми, клипови и др.)

Во текот на планирањето и реализицијата на наставата, често се интегрираат карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми, а особено при реализација на УПР. Постојат примери на интегрирање на меѓупредметни цели, како развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитувањето на различноста и др.

Од учебната 2020/2021 година во училиштето се применува програмата за дуално образование во образовниот профил фармацевски техничар со социјалниот партнер АЛКАЛИОД- Скопје, според изготвена соодветна наставна програма.

## 1.3. Воннаставни активности

Во Годишната програма за работа на училиштето планирани се воннаставни активности. Во воннаставните активности се вклучени заинтересирани ученици, без разлика на пол, етничка и социјална припадност како и вклучување на ученици со ПОП. Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење.

Со реализацијата на воннаставните активности на учениците им се дава поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој. Преку учеството на учениците во работата на воннаставните активности училиштето е во можност да се афирмира и популаризира во непосредната средина, во регионот и пошироко.

Во училиштето активно работи креативниот клуб, се организираат хуманитарни акции,спортски активности,театарска секција, клуб на ораторство, редакција на училишен весник,трибини за психо- социјална помош на учениците за справување со разни форми на насилство, учество во МАССУМ во повеќе категории, музички клуб со музички бенд, промоција на хумани вредности од клубот на црвениот крст. Во рамките на програмата на МИО се

реализираат заеднички часови на македонски и албански наставен јазик, програмата е поддржана од ОБСЕ-Големи грантови , Градиме мостови. Вклучувањето на учениците е по сопствен избор и личен афинитет.

Училиштето има повеќегодишна соработка со училиштето Курт Николин Гимназија од Шведска, преку проектот Еразмус, со меѓусбна посета на ученици и наставници од двете училишта.

Голем број на ученици во училиштето учествуваат на ученички натпревари, организирани на општинско, регионално и државно ниво, на кои учениците постигнуваат многу добри резултати. Најмасовно учениците се вклучени во спортски екипни натпревари и меѓуучилишен натпревар на државно ниво од повеќе наставни предмети и во повеќе области МАССУМ.

Има добри примери на активности покренати и реализирани од ученичката заедница каде членуваат ученици претседатели од сите паралелки и лидери од секоја година. Активностите се планирани во Акционен план. Училиштето поттикнува хуманистичка и општествена одговорност кај вработените и учениците со реализција на масовни крводарителски акции, Хуманитарни акции се реализираат за ученици кои во текот на годината имале потреба од поддршка (во вид на парични средства донирани од вработените и ученичката заедница) поради лични и семејни несреќи.

Училиштето нема формирано училишен спортски клуб

За реализација на активности од проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, училиштето има склучено меморандум за соработка бр.03-548/1 од 31.10.2022 год. со партнер училиште СУГ„Лазар Танев“- Скопје. Во периодот на пандемија, остварени се онлајн активности.

# 2. ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1. Постигнувања на учениците

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети и за сите класификациони периоди по класови. Училиштето изготвува тримесечни, полугодишни и годишни извештаи, како и споредбедни анализи за постигањата на учениците. Според анализи на крајот од првото полугодие споредени со постигања од три претходни учебни години, постигањата на учениците во училиштето се многу добар. Среден успех на училишно ниво во последните три учебни години е многу добар (4.3). Во последните три учебни години од вкупно 1726 ученици државна матура полагале 1689 ученици, 39 ученици полагале завршен испит и еден ученик без дипολома. Во однос на постигањата на учениците според пол, подобри постигања имаат учениците од женски пол. Учениците се оценети и по поведение, во трите претходни учебни години од вкупниот број на ученици во учебната 2020/2021 година со примерно поведение оценети се 2283 ученици, со добро поведение оценети се 41 ученици и со незадоволително поведение оценети се 5 ученици, во учебната 2021/2022 година со примерно поведение се оценети 2304 ученици, со добро поведение се 20 ученици, со незадовоително се 25 ученици. Во учебната 2022/2023 година со примерно поведение се оценети 2294 ученици, со добро поведение се 45 ученици, со незадоволително поведение се 6 ученици. Во прво полугодие од учебната 2023/2024 со примерно поведение се 2066 ученици, со добро поведение 89 ученици, а со незадоволително се оценети 12 ученици.

Училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците, во соработка со родителите преку советување на учениците и родителите од страна на стручната служба. Во трите претходни учебни години за родителите спроведени се 623 советување од нив 613 за намален успех (негативни оцени по три или повеќе предмети), 8 за нередовност и 2 за несоодветно однесување. Од страна на стручната служба од вкупниот број на советувања спроведени се 163 индивидуални советувања со ученици од нив за нередовност спроведени се 118 советувања и 45 советувања за несоодветно однесување. Со спроведување на советување во училиштето делумно е зголемена е редовноста на учениците.

Најголем број на наставници им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот. Наставниците реализираат дополнителна и додатна настава.

Училиштето ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците.

Има добри примери на активности покренати и реализирани од ученичката заедница каде членуваат ученици претседатели од сите паралелки. Дел од ученичката заедница има лидери од секоја година. Активностите се планирани во Акционен план а се изготвува Записник после секоја активност и состанок, како и извештај. Ученичката заедница има Правилник за работа.

## 2.2. Задржување/ осипување на учениците

Училиштето обезбедува услови за запишување на ученици од Скопје и од други градови во Република Северна Македонија. Училиштето квартално ги ажурира податоците за запишаните ученици. Училиштето нема воспоставен систем за прибирање на податоци за опфатот на ученици при преминот од средно образование во високо образовните установи.

Училиштето ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите за да ја зголеми

редовноста на учениците во наставата. Училиштето ги реализира советувањата на родителите за нередовност на учениците и води уредна документација. Просечниот број на изостаноци во последните три учебни години изнесува 31 по ученик, од кои 29,5 изостаноци по ученик се оправдани и 1,3 неоправдани. Редовноста на учениците бележи тренд на осцилација, која се движи од 17,3 во една учебна година до 44,8 во минатата учебна година. Поголем број од изостаноците според година на образование имаат учениците од 3 и 4 година.

Во училиштето бројот на ученици кои се осипуваат е од 19 до 43 ученика. Во учебната 2020/2021 година има 19 ученици, во учебната 2021/2022 година има 28 ученици и во учебната 2022/2023 година има 43 отпишани ученици. Училиштето го следи осипувањето на ученици (според полот и етничката припадност), ги анализира причините и во соработка со родителите. Прилив на ученици во последните три учебни години се движи од 7 до 36 ученика.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште ги доставува информациите за воспитно образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.

## 2.3. Повторување на учениците

Во последните три учебни години има 22 ученици што ја повторувале годината и тоа во сите три учебни години. Училиштето ги запознава учениците со правото за поднесување жалба до Наставнички совет доколку постои незадоволство од оценки на крајот на учебната година.

## 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

### 3.1. Планирања на наставниците

Во училиштето има договорени приоди за планирање. Наставниците изготвуваат планирања за наставниот процес при што поддршка од страна на стручната служба е многу мала. Планирањата се разгледуваат од педагогот на почетокот на учебната година. Се изработуваат индувидуално и во соработка со наставници кои реализираат исти предмети. На стручните активи (три активи) ретко се врши размена на искуства за подобрување на планирањата. Во училиштето се планираат содржини програмирани од училиштето. Директорот има увид во квалитетот на планирањата.

Годишните, тематски планирања и оперативните планирања на наставни часови на наставниците се изготвени согласно насоките од ЦСОО. Оперативните планирања за реализација на наставен час за стручните предмети се изготвени на унифицирани обрасци. Кај општо образовните предмети, најголем број наставници ги планираат потребните елементи за час, како општи податоци, наставни форми, методи, техники, активности на наставникот и учениците, очекувани исходи, корелација со друг наставен предмет, потребни ресурси, и др. Мал број наставници според потребите планираат диференцирани активности за ученици со потешкотии во учењето или надарени ученици.

Планирањата ретко се следат од страна на стручната служба и нема соодветна евиденција. За учениците со посебни образовни потреби за кои има уреден наод и мислење, наставниците имаат изготвено и доставено индивидуални образовни планови. За изготвување на ИОП одржана е интерна обука од Специјален едукатор и рехабилитатор. Наставниците имаат планирања за реализација на учење преку работа кај работодавач, како и за дополнителна и додатна настава.

Распоредот за реализирање на настава е изготвен од помошник директор за настава. За сите видови настава училиштето има соодветни распореди при што се земени во предвид просторот, интересот на учениците, кадарот во училиштето и наставен кадар што доаѓа од друго училиште и други фактори. Помошникот за настава го организира целокупниот воспитно обраовен процес, врши контрола на реализацијата (настава, проекни задачи, родителски средби, процедура за избор на изборни предмети и др.) и правовремено врши соодветни замени при отсуства (долготрајни и инцидентни) на наставници.

### 3.2. Наставен процес

Голем број од наставниците употребуваат современи методи во наставата. Најголем број од посетените часови кај наставниците по стручни предмети се интерактивни со примена на разновидни форми и методи. Кај дел од наставниците, на часовите е застапено добро поучување со вклучување на учениците иако во планирањето изостанува или несоодветно е планирано. Застапеноста на разновидни форми е добро и во доволна мера. Најчесто се работи во група со добро утврдена динамика. Сите групи имаат доволно време да ја презентираат изготвената дадена задача. Најголем дел од наставниците соодветно ги насочуваат учениците кон правилни одговори за реализација на поставените цели на часот. Има индивидуален случај каде наставник несоодветно реагира на барање на помош од ученик да се провери сработеното. Реализацијата во вид на проекти и истражувањата преку интернет се користат често. Домашните работи се задаваат и се поврзани со работата на учениците за време на часовите.

ИКТ има во секоја училница со обезбеден лаптоп или статичен компјутер со постојана интернет мрежа. Има примери кога учениците користат мобилни телефони за пребарување и работа на часот. Мал дел од посетените наставници практикуваат презентации со ЛЦД-проекции кои самите ги приготвуваат. Употребата на 3 смарт табли е отежната поради голем број паралелки. Наставниците во часовите многу малку применуват нагледни средства, а истите многу малку ги има во располагање во училиштето.

Најголем број наставници се однесуваат кон учениците на начин кој промовира взаемно почитување и разбирање, без притоа да се прават разлика помеѓу учениците по пол, социјално и етничко потекло.

Интерактивното реализирање на наставата е застапено кај голем број наставници. На часовите се води грижа да постои интеракција наставник-ученик како и интеракција меѓу учениците со примена на групна форма.

Во текот на наставата, учениците се поттикнуваат, се пофалуваат и се врши презентирање на нивните резултати.

При реализација на учење преку работа кај работодавач, учениците водат дневници за евидентирање на активностите, а одговорните лица кои реализираат практична обука водат досие за секој ученик. Учениците имаат позитивни искуства од примената на овој вид учење и сметаат дека имаат можност да го осознаат работниот процес непосредно.

За реализација на часовите Учење преку работа и Феријална практика во учебната 2020/21 година, 2021/22 година , 2022/2023, како и за тековната учебна година, училиштето има потпишано Меморандум за соработка со повеќе субјекти: Универзитетски клинички центар „Мајка Тереза“ Скопје, Градска општа болница „8 Септември“ Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ Скопје, Воено медицински центар, Поликлиника „Железара“ - Скопје , Здравствен Дом-Скопје, Здравствен дом „Железничар“ - Скопје, ЈЗУ Чаир-институт за медицина на труд, Инситут за јавно здравје Скопје, ПНУ Академија за естетска стоматологија, Стоматолошки факултет, Стоматолошка клиника, ДПТУ Фут лаб ДО Скопје, Дијагностичка лабароторија РАМУС, ЈЗУ Универзитетска клиника за физикална медицина и рехабилитација и многу други.

За периодот поминат на обука, се склучува договор за обука меѓу училиштето, работодавачот и ученикот, а за малолетен ученик договорот го потпишува родителот, односно старателот на ученикот. Договори се склучени со државни и приватни здравствени институции и матични лекари, аптеки и слично.

Следење на наставниот процес е од страна на стручните соработници и директорот. При посета на наставен час се пополнува образец и истиот се архивира. Има потреба од ревидирање на образецот согласно новините во стручното образование. Директорот има уредна документација од континуирано следење на наставниот процес онлајн во време на пандемија.

## 3.3. Искуства на учениците од учењето

Средината во која учат учениците е добра и овозможува добри услови за учење. Најголем број од учениците, како и нивните родители, го доживуваат училиштето како пријатно и безбедно место, кое мотивира за постигање на добри резултати. Заедничкиот училишен простор е естетски уреден со едукативни содржини од повеќе области, содржини од воннаставни активности и материјали поврзани со историјатот на училиштето. Мал е бројот на истакнати трудови од учениците. Најчесто застапени се естетски плакати со јасни пораки од областа на воспитанието, образованието, струката на училиштето и пораки од културата и хуманизмот.

Низ најразлични организирани форми, учениците се поттикнуваат и мотивираат за соработка и комуникација меѓу себе. Учениците заедно со наставниците работат на различни проекти поврзани со редовната настава и воннаставните активности. Атмосферата за учење најчесто е динамична и работна.

Наставниците, презентираат примери од реалниот живот, кои придонесуваат за начинот на кој се учи во училиштето да биде интересен, а со цел учениците да стекнат корисни и трајни знаења. Содржините на часовите по стручни предмети многу често се прикажани преку поврзување на реални ситуации и тоа, бањање на неподвижен болен, подвижен болен, апликација на лекови (интра дермално, субкутано, мускулно, интравенозно, клизма, вене пункција, вадење на капиларна крв, преврска и имобилизација на екстремитет, мерење на витални знаци, масажа на пациент, кинезотерапија, менување на положба на болен, изработка на креми, изработка на мобилни и фиксни протези, симулација на процес на раѓање, микроскопирање на препарати и др).

Од посети на наставен час, се констатира дека поголемиот број наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања, да

изведуваат заклучоци за она што го учат и активно да се вклучуваат во наставата, како и да ја поврзуваат наставата со реалниот живот. Голем број наставници водат сметка за воспитната компонента во наставата и животот во училиштето, во правец на градење на другарство, емпатија, солидарност, тимска соработка, почитување на другиот и др.

Најчесто има добра интеракција меѓу учениците, која особено е видлива на час при работење во групи, на часовите по спорт, при изработка на проекти.

Има добри примери од наставници кои пофалувањето го користат во текот на часот како поттикнување.

Учениците сметаат дека имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено предвид. Најразличните иницијативи најчесто се прифатени и поттикнати на реализација.

Искуството на учениците од учењето е добро.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници вршат идентификација на образовните потреби на учениците. За учениците со ПОП се реализира ИОП преку процесот на учење. Наставниците имаат потреба од соодветна обука за работа со деца со посебни образовни потреби.

Со цел да се постигне максимум кај сите ученици, за време на час, не секогаш наставници задаваат диференцирани задачи на учениците со потешкотии во учењето и на талентирани ученици, со соодветна тежина на ученичките активности.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува и спроведува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Оценките се утврдуваат на секој класификационен период за време на класните и наставничките совети.

Поголем број наставници оценувањето на учениците го планираат во тематското планирање и оперативниот план за наставен час. При тоа се применуваат соодветните критериуми и стандарди за оценување. Учениците повремено се вклучуваат во оценувањето, со меѓусебно оценување или самооценување. При разговор со фокус група ученици истите изјавија дека најчесто оценките се реални и транспарентни, а поголем дел од учениците сметаат дека наставниците бараат многу знаење при оценувањето. Во последните три години во училиштето имало мал број приговори за оценка, најчесто за подобрување на општиот успех во вид на молби. Секој приговор е разгледан на наставнички совет и постапено согласно можностите дадени во Закон.

Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со пречки во развојот согласно целите во Индивидуалниот оперативен план, во соработка со инклузивниот тим на училиштето.

Оценувањето се врши на усни и писмени одговори, преку изработка на контролни работи, писмена работа, тестови, изработка на проекти и други изработки на ученици. При учење преку работа во досието на ученикот се вреднуваат и оценуваат активностите на учениците кај работодавците од страна на одговорниот наставник и менторот одреден во фирмата.

Најголем број наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.

Оценувањата ретко се користат за подобрување на планирањата и реализацијата на наставата.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето редовно ги известува родителите за постигнатиот успех на нивните деца. За напредокот на нивните деца родителите имаат можност да се информираат преку организираните родителски средби, индивидуални средби со предметните наставници на

приемен ден и на сопствена иницијатива и барање. Сите родители имаат можност за увид во постигањата преку е-дневникот. Училиштето редовно ги ажурира промените на лозинките од родителите. Наставниците комуницираат со родителите и преку социјалните мрежи.

Родителите се известуваат за постигнатиот успех по наставни предмети на секое тромесечие, на крајот на прво полугодие и крајот на учебната година. Наставниците ги известуваат родителите за постигањата на нивните деца и преку пишани информации, писмена работа, контролни задачи, тестови и изработени проекти. За постигнатиот успех учениците добиваат евидентни листови и сведителства. Сите наставници редовно водат е – дневник, од кој родителите можат да ја следат секојдневната настава, оценувањето, изостаноците, слободните ученички активности и други училишни активности. Родителите на деца со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот предвиден во ИОП и со нивно учество се ревидираат целите кои треба да се постигнуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман. Притоа училиштето соработува со родителите и здравствените установи.

## 4 ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 4.1. Севкупна грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување на наставата и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Родителите изјавија дека нивните деца додека се во училиштето се чувствуваат безбедни и сигурни. При несреќни случаи во училиштето има наставници кои може да пружат прва помош, кој вклучува и дефибрилатор. Во случај на лесна физичка повреда училиштето поседува опрема за давање на прва помош. Училиштето има опрема/пакет за укажување на прва помош на учениците која се наоѓа во просториите на стручен колегиум и кабинетите по Нега на болен.

Училиштето располага со 11 хидранти и 34 ПП – апарати сервисирани и има громобрански инсталации со 3 мерни места кои се во добра состојба. Во случај на незгода учениците, вработените и училиштето се осигурани. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата и надвор од неа.

Во случај на елементарни непогоди училиштето има интерен акт за постапување по истиот но сеуште нема изведено симулации, освен за појава на пожари и заштита од нив. Училиштето има план за евакуација и мобилизациски план за кој од Дирекцијата за заштита и спасување добила позитивно мислење бр. 03-263/7 од 28.04.2011 година за учениците и вработените во училиштето.

Инфраструктурата во училишните објекти училишниот мебел, подовите, прозорите и кровот се безбедни, а училишниот двор односно зелените површини во училиштето делумно се уредени.

Во училиштето учениците и вработените се осигурани, за што имаат и осигурителни полиси од Уника а.д. За објектот на училиштето, имаат склучено договор за осигурување со осигурителна компанија Македонија осигурување – Виена Иншуренс груп.

Училиштето има пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на возрасните кон децата кои се сметаат за психичко и физичко малтетирање и тие се дел од Годишната програма. Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците и се применуваат механизми за постапување и справување со евентуална појава на различните облици на насилство, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Активностите за заштита и безбедност на учениците ги координираат со институциите. Учениците и родителите се информирани од страна на училиштето за правата и процедурите за поднесување поплаки во случај на насилство. Во училиштето се одржуваат едукативни предавања за подигнување на свеста за препознавање на насилство и начин на реагирање. Тие се организирани и реализирани од Службата за социјални грижи, Заводот за ментално здравје и МВР и малолетна деликвенција, како и стручната служба на училиштето.

Во училиштето има истакнато куќен ред и кодекс на однесување на учениците и другите структури и истиот се почитува. Во последните години нема примери за меѓунационално нетрпение, нема појава на психичко и физичко малтретирање на ученици. Класните раководители и стручните соработници имаат изготвено план за работа со содржини за взаемно почитување и рамноправност на половите и теми за влијанието на пороците на зависност кој е во состав на годишната програма за работа на училиштето и работата на класниот час.

Училиштето има договор за физичко обезбедување на објектот, а внатре во училиштето е организирано дежурство од страна на наставниците, учениците и техничка служба.

Училиштето води политика за забрана за пушење, консумирање на алкохол и консумирање и дистрибуција на наркотични супстанци. Во училиштето во многу мал број има истакнато знаци за забрана за пушење и употреба на наркотичн средства. За спречување и дистрибуција на психоактивни супстанци училиштето има протокол за рана детекција. Училиштето нема организиран оброк. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана. Во училиштето нема евидентирано ученици со телесен недостаток и со пречки во движењето и пристапот е делумно прилагоден во случај да има ученици со пречки во движење.

### 4.2. Здравје

Хигиената во и надвор од училиштето е на задоволително ниво. Санитарните простории, ходниците, холот, скалите и училниците се чистат и дезинфицираат повеќе пати во денот. Во тоалетите на учениците нема доволно хигиенски средства за миење на рацете. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците, има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив.

Училиштето се грижи за заштита на здравјето на учениците и има изготвено Програма за грижа за здравјето на учениците. Секоја учебна година се вршат редовни систематски прегледи и вакцинации на учениците, а спроведен е и лекарски преглед на вработените. За заштита на здравјето училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести и има извршена дезинфекција, дератизација и дезинсекција и организира предавања за превенција и заштита од заразни болести.

Училиштето има програма за превенција од заразни болести. Во годишната програма на училиштето има содржини за заштита од заразни болести и има договорени процедури за грижа на учениците кои подолго време изостануваат од наставата. Процедурите во пракса ги спроведуваат наставниците во соработка со родителите. Во училиштето се вршат редовни систематски прегледи на учениците и вработените, и здравствените установи. Во училиштето редовно се спроведуваат хуманитарни акции за финансиска поддршка за лекување. Училиштето соработува со здравствените институции и родителите за преземање превентивни мерки.

Сите вработени редовно вршат систематски и санитарни прегледи согласно со прописите за здравствена заштита. Последниот систематски преглед на вработените е извршен во октомври, 2023 година во Никоб медикал-Скопје.

### 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето има програма за професионална ориентација на учениците. Стручната служба во училиштето се грижи за давање помош при изборот на институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување.

Во однос на тоа, се врши проценка на интересите и способностите и се даваат препораки за понатамошно образование, односно определбата за нивната идна професија. За учениците од завршните години на образованието, во училиштето се организираат презентации од страна на високообразовните (државни и приватни) институции кои нудат промотивен материјал и информации за уписите во нив. Стручната служба ги информира учениците за конкурсите, условите и начинот на уписите во високо образовните установи. Учениците, информациите ги добиваат од класниот раководител и во непосредна соработката со стручните соработници, а некои теми се застапени и се запознаваат за време на класниот час.

Училиштето има пропишани процедури за откривање на време на ученици со емоционални проблеми но, истите се откриват и без оглед на изворот, преку следење на учениците од страна на наставниот кадар и психологот на училиштето која е обучена да им помогне на овие ученици и нивните родителите во вакви ситуации и истите да ги упати на соодветни места.

### 4.4. Следење на напредокот

Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик, како и за нивниот психо-физички развој. Индивидуалната евиденција се внесува во е-дневник на паралелка, евидентни листови и досие на ученик. Евиденцијата им е достапна на учениците и на родителите на родителски средби.

Резултатите од постигањата и податоците во педагошката евиденција и документација се добиени врз основа на лична проценка на наставниците и наставнички совет, како и на објективни показатели (тестови, портфолија и сл). Постои ефективна соработка меѓу стручната служба, класните/предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.

Класните раководители и стручните соработници изготвуваат тромесечни, полугодишни и годишни извештаи за успехот, поведението и редовноста на учениците,за кој се изготвувани анализи за напредокот на учениците. Училиштето има направено споредбени анализи за оценките на крајот на учебната година. Податоците од добиените анализи се користат за подобрување на напредокот во целина.

## 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

### 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето има јасна визија  и  мисија за остварување. Учениците се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Вработените и учениците со својата работа и однесување  придонесуваат за афирмација на училиштето. За правата и одговорностите  на ученикот и наставникот, училиштето има изготвено Куќен ред, Кодекс на однесување и истите се  истакнати на видно место и се почитуваат.

Училиштето води  политика на заемно почитување, еднаквост и толеранција. Раководниот и наставниот кадар имаат важна улога во воспоставување и почитување на односите меѓу наставниците и учениците. Сорабоката помеѓу стручните соработници, раководниот орган и наставниците е постојана. Односите помеѓу наставниците се добри. Учениците се насочуваат да се грижат едни за други.

Дисциплината  на учениците во училиштето е добра. Постои работна атмосфера за време на наставата и вонnаставните активности. Поведението на учениците е примерно. Вработените внимателно и авторитетно се справуваат со проблемите што се однесуваат на дисциплината и редовноста. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки. Училиштето има формирано ученичка заедница. Уценицки парламент. Учениците учествуваат во целокупниот живот во училиштето од воспитно – образовен и социјално едукативен  карактер при  решавање на проблеми.

### 5.2. Промовирање на постигањата

Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на сите ученици во рамките на училиштето и  во пошироката средина. Учениците имаат можности да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата преку учество во воннаставните активности. Училиштето има интерен акт за наградување на учениците што постигнале одличен  успех. Во училиштето се избира ученик на генерација.

### 5.3. Еднаквост и правичност

Вработените во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето ги запознава учениците со нивните права и обврски. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.

Поголем број од вработените подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, социјалната положба во наставата и надвор од наставата Учениците учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со прашања поврзани со дискриминација на глобално ниво.

Училиштето презема активности  за промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност меѓу учениците во и надвор од училиштето. Училиштето од учебната 2013 - 2014 година  е вклучено во Проектот за мултиетничко образование. Помал број од наставниците превземаат мерки и активности за интеграција во редовната настава. Учениците во редовната настава се запознаваат со  културата и

традиција на други етнички заедници. Партнер училиште е СЕПУГС „Васил Антевски – Дрен“ - Скопје и СУГС „Лазар Танев“ - Скопје.

## 5.4. Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница

Училиштето презема активности за вклучување на родителите во воспитно-образовната работа на сите нивоа. Родителите се поттикнуваат да се вклучат во наставниот процес преку организирање предавања на разни теми или посета на работното место на родителот, како и во воннаставните активности. Родителите во работата на училиштето учествуваат и преку формалните форми на учество и тоа: родителски средби, одбори на родители, советот на родители и индивидуални средби. Изборот на претставниците на родители во Совет на родители и Училишен одбор е демократски. Родителите добро се прифатени од страна на наставниот кадар и директорот на училиштето и истите се чуствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерс на заедницата и училиштето. Училиштето учествува во одбележување на одредени културни и спортски манефестации и други настани.

Училиштето соработува со деловната заедница и невладиниот сектор, Црвен Крст на РСМ и со голем број државни и приватни здравствени установи/институции на ниво на Град Скопје.

# 6. РЕСУРСИ

### 6.1. Сместување и просторни капацитети

Училишната зграда е од тврда градба на три нивоа во два споени објекти со површина на објектот од 7078 $м^2$ и спортски терен од 400 $м^2$. Училишната зграда располага со 24 училници, 3 мали училници кои се користат за работа во групи, 6 кабинети, 9 лаборатории, библиотека, фискултурна сала од $200м^2$ и дворна површина 9655 $м^2$. Училишниот простор ги исполнува условите за работа, како за учениците, така и за наставниците и другите вработени, во однос на организирање и реализирање на настава по распоред на часови, а во однос на организирање додатна и дополнителна настава училиштето поради недоволно просторни услови не овозможува истата во целост да се реализира.

Училиштето има план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со цел да ги задоволува потребите на учениците.

### 6.2. Наставните средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала делумно ги задоволува потребите, истата има тенденција на подобрување. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала преку анкета со наставниците и ги обезбедува потребните средства но во недоволна мера за реализирање на воспитно – образовниот процес. Наставата по стручните предмети е опфатена со минимум неопходните наставни средства, пред сè во рамките на практичната настава. За подобрување на нагледноста на наставниот процес набавувани се одредени наставни сретства и помагала, модели на човеково тело. Покрај недоволниот број општи нагледни сретства во училиштето недостасуваат опремени специјализирани училници –кабинети опремени со ИКТ опрема..

Опременоста на училишната библиотека делумно задоволува, истата располага со 23750 книжен фонд, од кои книги по жанрови се 13320, а 3250 е стручна литература и 7180 учебника. Библиотекарот има осум часовно работно време и ги опслужува учениците од прва и втора смена, но истиот не седи во просторијата предвидена за библиотека, туку во импровизирана просторија која личи повеќе на магацин отколку на библиотека.

Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал потребен за реализација на наставните и воннаставните активности. Планирањето и снабдувањето со потрошен материјал се врши согласно планот на училиштето.

### 6.3. Обезбедување на потребен кадар

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес. При избор на наставниот кадар нема родова, етничка или друга дискриминација. Наставниот процес во училиштето го реализираат 144 наставника. Од вкупниот број на наставен кадар според образовниот профил 2 наставници се со завршени докторски студии, 4 со завршени специјалистички студии, 7 наставника со завршени магистерски студии, 22 наставника со вишо образование, 6 со Средна стручна спрема и 103 на наставници се со завршено високо образование. На определено работно време се 35 наставника. Според полот 111 наставници се од женски пол и 33 наставници се од машки пол, според етничката припадност 92 се Македонци, 52 се Албанци. Од наставниот кадар 3 наставника кои дополнуваат часови во друго училиште и 7 наставника дополнуваат настава од друго училиште. Од вкупниот број на наставници 9 се приправници. Училиштето за наставник приправник има назначен наставник ментор. Наставникот ментор го следи работењето на приправникот.

Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето, успешно работат како тим во рамките на стручните активи. При распоредувањето на кадарот се земаат делумно предвид квалитетите, искуството и експертизата на наставниците што придонесуваат за исполнување на целите на наставата.

Училиштето има стручната служба и тоа 2-психолога и 1-педагог, која им помага на наставниците во организација на наставата и го следи напредокот на учениците. Стручната служба советодавно работи со учениците и родителите, подготвена и отворена за соработка. Стручната служба има програма за работа која е во состав на Годишната програма на училиштето.

### 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Следењето на развојните потреби на кадарот е добро. За секој наставник се води и редовно ажурира досие од страна на стручни соработници. Досието се води согласно правилникот за водење на професионално досие на наставник и стручен соработник во средно образование. Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој. За усовршување и професионален развој на наставниците училиштето има воспоставено систем за десиминација на знаењата, вештините и способностите на наставниот кадар. Училиштето редовно овозможува посета на сите предавања, семинари и обуки кои се реализирани во училиштето и надвор од него организирано од МОН и БРО. Изборот на наставникот да посетува некој семинар или обука некогаш е лична желба за сопствен професионален развој, а некогаш задолжителна посета поради настанатите измени во наставните програми и слично. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на стручната служба и раководните лица во текот на годината. Исто така, потребите на наставниците се следат и преку планирањата и активностите на стручните активи. Подршката од страна на стручната служба при изготвување на планирањата на наставниците е многу мала. Планирањата ретко се следат од страна на стручната служба и нема соодветна евиденција. Стручната служба уредно води портфолија за професионален развој на наставниците.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на законската регулатива. Училиштето има донесено Финансиски план и План за јавни набавки за 2024 година. Финансиското работење и завршните сметки се разгледуваат на Советот на родители и Училишниот одбор и даваат предлог за усвојување до Град Скопје. Училиштето се финансира и преку сметката за самофинансирање од вонредните кандидати.

Поголемите инвестициони вложувања во училиштето се спроведуваат со постапки за јавни набавки, за чие спроведување се задолжени комисии каде најчесто активна улога имаат членови од редот на вработените наставници. Дел од нив имаат и соодветни обуки за спроведување на постапките за јавни набавки. За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај. Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот е користен максимално, но посебни ефекти од истото не се многу видливи на квалитетот за реализација на наставата.

## 7. Управување, раководење и креирање политика

### 7.1. Управување/ раководење со училиштето

Училишниот одбор на училиштето е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето, при што се води сметка за етничката структура на членовите на училишниот одбор. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловникот за работа на училишниот одбор заведена под бр.03-124/4 од 15.12.2006 г. Истиот е стар треба да биде обновен и согласно измените на Законот за средно образование. Годишната програма за работа на училиштето заведена под бр.03-422/2 од 30.08.2023 година не содржи посебна програма за работа на Училишниот одбор. Присуството на состаноците е редовно со кворум за работа од претставниците на сите

структури. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти, вклучени во воспитно-образовниот процес.

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училиштето во последните три години нема реализирано обука за членовите на училишниот одбор. Потребната подршка за законско работење се добива од секретарот на училиштето а за сите останати прашања од областа на образованието соработката е остварена од раководниот орган и стручната служба. Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики и води училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето, меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество.

Работата е транспарентна за сите структури во училиштето. Соработката со директорот на училиштето е многу добра, со остварен партнерски однос и според изјаснувањето на членовите запознаени се со сите прашања во врска со воспитно образовната работа, самоевалуацијата, развојната програма како и за управување со финансиите во училиштето. Училишниот одбор се свикува со електронска покана и обезбедени материјали за работа на состаноците.

Раководен орган во училиштето е Вршител на должност Директор со Решение бр.08-11248/1 од 08.11. 2023 година на Градоначалникот на Град Скопје, без претходно искуство за директор. Сеуште не е започната постапката за избор на директор на училиштето.

За својата работа директорот на училиштето има изготвено Програма за работа која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година. Директорот има добра соработка со вработените, користи различни идеи и искуства во спроведување на активностите. Работењето е транспарентно со директна комуникација, преку соопштенија, истакнување на информации на огласна табла, како и писмена и електронска кореспонденција со оние кои треба да бидат информирани.

Директорот има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето прифаќајки ги сугестиите, барањата и одговорностите преку соработка и интеракција со родителите, вработените, учениците, како и со локалната заедница и основачот и невладиниот сектор.

Фокусот на работењето на директорот е подобрување на условите во училиштето со акцент на оптимално обезбедување на икт опрема со цел подобрување на наставниот процес, снабдување со нагледни наставни средства за потребите на наставниците и учениците во наставата, вклучување на наставниците во обуки, советувања и семинари за подобрување на реализацијата на воспитно образовниот процес, реализација на стратешките цели од програмата за развој, подршка на ученичкиот парламент и обезбедување на поактивно вклучување на учениците во области кои се во нивен интерес, подршка и активно учество во спроведувањето на програмата за Меѓуетничка интеграција во образованието како и негување на мултикултурализмот во училиштето. До сега е реализирано дел од планираните активности во програмата за развој со запазување на временската рамка. Раководењето на директорот се заснива на тимска работа, преку вклучување на вработените во процесите на планирање, реализација и евалуација на севкупните активности. Раководниот орган на училиштето е проактивен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста и граѓански активизам.

## 7.2. Креирање на образовната политика

Целите на училиштето, како и мисијата и визијата на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната, образовна политика. Тие се прецизни, јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, меѓуетничка интеграција и младинско учество, професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на сите ученици.

Вработените, родителите и учениците запознаени се со мисијата и визијата, активно учествуваат во креирањето на истото и се прават напори за нивно остварување. При донесување на програмските документи на училиштето се почитуваат законските процедури, но во училиштето нема пропишани процедури за донесување на училишни

политики. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на мисијата и визијата. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

Дефинираните стратешки цели во развојната програма за подобрување на работата во училиштето за 4 години се од приоритети на самоевалуација на училиштето до развојни цели, од стратешка цел до развојни цели, однос помеѓу развојната цел, конкретните цели и активностите и целосна имплементација на готовиот план.

За реализација на целите ВД Директорот како законски претставник на училиштето соработува со Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образование, Државниот испитен центар, Државен просветен инспекторат, како и со локалната и деловната заедница во општината и други органи на државната управа и субјекти кои се од интерес за успешното работење на училиштето.

# 8. Наоди и препораки

## 8.1. Силни страни

- Воспоставена процедура за избор на изборни предмети;
- Многу добри постигања на учениците во последните три учебни години;
- Ученичката заедница покренува иницијативи и е активно вклучена во реализација на вонннаставни активности;
- Воспоставен добар однос и грижа на наставниците кон учениците;
- Училиштето реализира голем број проекти;
- Учениците имаат постигнато поголем број на први места во учество на натпревари значајни во струката и спортски натпревари;
- Перманентно градење на позитивна училишна клима со добри односи кај наставниците, родителите и учениците;
- Училиштето има пишани протоколи во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците, наставниците, другите вработени, во кои јасно се наведени начелата и постапувањето на сите чинители на воспитно-образовниот процес во училиштето;
- Училиштето има добра соработка со локалната заедница преку проекти, едукативни предавања и различни активности со учениците за различни воспитно – образовни цели;
- Училиштето ги зема во предвид мислењата и сугестиите на родителите;

## 8.2. Слаби страни

- Годишната програма за работа на училиштето заведена под бр.03-422/2 од 30.08.2023 година не содржи посебна програма за работа на Училишниот одбор.
- Училиштето во последните три години нема реализирано обука за членовите на училишниот одбор.
- Деловникот за работа на училишниот одбор е стар од 2006 година и не е изменет согласно измените на Законот за средно образование.
- Училиштето нема регистрирано училишен спортски клуб.
- Поддршката од страна на стручните соработници кон наставниците при изготвување на планирања за наставниот процес е на ниско ниво;
- Планирањата на наставниците ретко се следат од страна на стручните соработници и нема соодветна евиденција;
- Опременоста на училиштето со нагледни сретства не задоволува, а и тие што ги има во наставата многу малку се применуват од страна на наставниците;
- Не се овозможени услови за примена и реализација на ИКТ во наставата;
- Мал број реализирани активности со јазично мешани групи во рамките на проектот МИО со партнер училиште;
- Не соодветна опременост на училниците за одвивање на теоретска настава;
- Недостаток на поголем број на учебници во училиштето;
- Во случај на елементарни непогоди училиштето има интерен акт за постапување, но нема изведено симулации;
- Во училиштето во многу мал број има истакнато знаци за забрана за пушење и употреба на наркотични средства;
- Во тоалетите на учениците нема доволно хигиенски средства за миење на рацете;
- Библиотекарот не седи во просторијата предвидена за библиотека, туку во импровизирана просторија која личи повеќе на магацин отколку на библиотека и нема електронска евиденција на библиотечниот фонд;

## 8.3. Препораки

- Да се вметне посебна програма за работа на Училишниот одбор во Годишната програма за работа на училиштето;
- Да се реализира обука за членовите на училишниот одбор;
- Да се усогласи Деловникот за работа на училишниот одбор со новиот Закон за средно образование;
- Да се регистрира училишен спортски клуб;
- Да се даде поголема поддршка од страна на стручните соработници кон наставниците при изготвување на планирања за наставниот процес;
- Да се следат планирањата на наставниците од страна на стручните соработници и да се води соодветна евиденција;
- Да се изврши снабдување на училиштето со нагледни сретства и истите да се применат во наставата од страна на наставниците;
- Да се овозможат услови за примена и реализација на ИКТ во наставата;
- Да се реализираат планираните активности со партнер училиштето во рамки на проектот МИО.
- Да се опремат училниците со соодветна опрема за одвивање на теоретска настава;
- Да се прават напори учениците да се снабдуваат со учебници за наставата;
- Да се изведе симулација во случај на елементарна непогода во училиштето;
- Да се истакнуват повеќе знаци за забрана за пушење и употреба на наркотични средства во училишниот објект;
- Да се снабдуваат тоалетите на учениците со доволно хигиенски средства за миење на рацете;
- Да се смести библиотекарот во просторијата предвидена за библиотека и да води електронска евиденција на библиотечниот фонд;

| | |
|---|---|
| Afrim Saliu, Раководител на инспекциски тим – главен инспектор | |
| Андреја Ѓорѓески, член на инспекциски тим | |
| Перо Арсеновски, член на инспекциски тим | |